Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 25, 14 август 2009 година

август 2009 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-уметничкото подрачје ликовна уметност на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-уметничкото подрачје флејта на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област монетарна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент од областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот за учебникот „Генеза на рудни наоѓалишта“ од проф. д-р Тодор Серафимовски, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ - АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА МАШИНСТВО НА МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2702-39/3 од 19.5.2009 год., донесена на 10. седница на Наставно - научниот совет на Машински факултет, одржана на 19.5.2009 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на помлади асистенти - асистенти за група предмети од ***машинство*** на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Дневник” од 2.5.2009 година и во предвидениот рок се пријавиле кандидатите:

1. Влада Андоновиќ - магистер по машински науки (заварување и заварени конструкции);
2. Емилија Ристова - магистер по машински науки (производно машинство - менаџмент) и
3. Гордана Донева - дипл. сообр. инж. (сообраќај и транспорт).

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**М-р Влада Андоновиќ** е роден на 5 јули 1967 година во Куманово. Магистрира на Машински факултет во Скопје, на тема со наслов „*Истражување на носивоста и стабилноста на заварените јазли кај носечките метални конструкции изведени од цевкасти профили“,* на 16.9.1998 г. Работно искуство: Тутунски комбинат - Куманово (12 години), како одговорен инженер во одржувањето со користење на ЦАД/ЦАМ технологија за изработка на делови; фирма „ДС СТЕЕЛ“ - Лариса, Грција (2 месеца), како помошник на главниот проектант; фирма „МЕГА“ - Куманово, работи како маркетинг менаџер (21 месец) и преведувач во австриска фирма со своја единица во Куманово (1 месец). Во моментов работи како наставник во средно техничко училиште во Куманово (од 1.2008 год. - вкупен работен стаж - 14 год.).

Објавени трудови: на 8. Меѓународен симпозиум во Охрид од 30.9 до 2.10.1999 год. на Друштвото на градежните конструктори на Македонија, со наслов „*Надежност како поим во современите тенденции во проектирањето на конструкциите*“ со еден коавтор. На 7. Симпозиум на теоретска и применета механика од 28 до 30.9.2000 год. во Струга, со наслов „*Објективно ориентиран пристап за еластично пластична анализа на механика на цврсто тело*“ со двајца коавтори. Познавање на странски јазици: англиски - одлично, руски - добро, германски и француски - доволно. Специјалистичко искуство, програмирање на PLC, Simatik S5 за индустриски автоматски системи во Пловдив - Бугарија, 9-11.1994 година. Доставени документи: диплома за магистер на машински науки, уверение за државјанство, ТЕОФЛ тест за англиски јазик, уверение за англиски јазик, уверение за француски јазик, копија од двата објавени труда и кратка професионална биографија.

**Емилија Ристова** е родена на 14 октомври 1978 година во Кочани. Дипломира на Машински факултет во Скопје, насока Термотехника и термоенергетика со просек 9,58 на 10.10.200, на тема со наслов „*Производство на електрична енергија при согорување на цврст отпад од градска депонија Скопје*“. Магистрира на Машинскиот факултет во Скопје, на тема со наслов „*Анализа на системот за менаџмент на односите на корисниците во однос на перцепцијата за време на опслужувањето*“ на 16.2.2009 година. Работно искуство: ВИП - Скопје, како специјалист за координација на процеси и проекти од

29.6.2007 год. до сега; Акцент компјутери - Скопје, 4 години како раководител на Одделот за продажба на информатичка технологија. Познавање на странски јазици: англиски јазик - напреден курс, германски - основен курс. Сертификати: пофалници од Машинскиот факултет - Скопје за студент со одличен успех за четирите академски години, на овој Факултет работи како демонстратор од областа на математичките и компјутерските науки 6 месеци. Обука за сертификација од областа *тестирање на медицински отпад* (3.2 - 14.3.2003 год.) во Скопје, институција International Training Center of Environmental Professionals. Специјализирана обука од областа *анализа и оптимизација на притисоците кај Бенсон котли* (3.7 - 12.10.2001 год.) во Германија, институција Siemens und framatome AG, Erlangen, Germany. Курс за термофлуидна динамика (2.9 - 13.9.2000 год.) во Охрид, Институција DAAD Organization and Universities of Erlangen-Nurembergen and Augsburg, Germany. Доставени документи уверени за магистер, уверение за дип. маш. инж, уверение за државјанство, уверение за постигнат успех во VII/1 степен, кратка професионална биографија.

**Гордана Донева** нема завршено магистерски студии, доставена документација: кратка биографија, уверение за дипломиран сообраќаен инженер на Техничкиот факултет во Битола, отсек Сообраќај и транспорт, насока Патен сообраќај и транспорт, уверение за државјанство.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 129 (помлад асистент) и 130 (асистент) од Законот за високото образование на РМ, го даваме следниов заклучок и предлог.

**Гордана Донева** не го исполнува условот за избор во звање помлад асистент/асистент од област ***машинство*** на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“.

**Влада Андоновиќ** ги исполнува условите за избор во звање ***асистент*** од областа на ***производно машинство*** на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“.

**Емилија Ристова** ги исполнува условите за избор во звање ***помлад асистент*** од областа на ***производно машинство*** на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“.

Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет ***да ги избере м-р Владо Андоновиќ во звање асистент и м-р Емилија Ристова во звање помлад асистент на Машинскиот факултет*** при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

**Рецензентска комисија**

**Доц. д-р Ангел Тасевски, претседател, с.р.**

**Доц. д-р Симеон Симеонов, член, с.р.**

**Проф. д-р Зоран Панов, член, с.р.**